МАКЕДОНИЈА

По вчерашното пукање во Прилеп: истрага за обид за убиство и недозволено држење оружје

Објавено пред 7 часа - 25 март, 2025
Од **В. Ј. / Макфакс**

Основното јавно обвинителство Прилеп донесе Наредба за спроведување истражна постапка против 50-годишен прилепчанец, бидејќи како што соопштија од таму, постои основано сомнение дека тој сторил кривично дело – Убиство од член 123 став 2 точка 3 во врска со член 19 (во обид) од Кривичниот законик, како и – Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје експлозивни материи од член 396 од Кривичниот законик.

Дознај прв!

Вчера, во просториите на ЈУ МЦСР Прилеп, тој со умисла се обидел да ја лиши од живот една оштетена – социјален работник, а во опасност го довел и животот на уште тројца вработени во Центарот за социјални работи.

Со оружје – пиштол марка „Берета" модел 950 Б со калибар 6,35 мм, кој го поседувал без дозвола, тој започнал да пука кон жртвата, која се обидела да се скрие во една канцеларија.

Со два куршуми ја погодил, при што со едниот проектил и нанесол површна рана во пределот на главата – аркадата, а со другиот и нанел пострелна влезно-излезна рана во пределот на десната страна од слабината.

Директорот на установата успеал да го совлада и да го задржи до пристигнување на полициските службеници, кои покрај пиштолот кај него пронашле и одзеле и еден нож.

Осомничениот, согласно евиденцијата, е претходно осудуван за кривични дела – телесна повреда, загрозување на сигурноста, демнење и други кривични дела, против него во постапка се и други пријави, а во моментот издржувал мерка на безбедност – Задолжително лекување во психијатриска болница од каде избегал.

Поради сите овие и други околности кои укажуваат на опасност од бегство, можност за влијание врз сведоците и опасност да го повторува кривичното поведение, јавниот обвинител до судијата на претходна постапка доставил предлог за определување мерка притвор за осомничениот.

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со неј зините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ПРИЛЕП

ПРЕТХОДНО
Психолози доброволци на терен работат со младите: Беа во шок, потоа имаа лутина, што е нормална емоција, а сега почнува периодот на тага

СЛЕДНО
Собранието ќе продолжи со работа следната недела: „Привременото одложување на активностите беше гест на почит кон трагедијата во Кочани"

Согласност за колачиња (cookies)
Користиме колачиња за оптимизирање на страниците. Некои од колачињата се од суштинско значење за работата на страниците, а други помагаат да ја подобриме оваа интернет страница и вашето корисничко искуство. Напомена: задолжителните колачиња се неопходни за користење и пристап до оваа интернет страница.
Прочитај повеќе Прифати колачиња

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

Во една удрил гром, во друга нема клима, половина од државните станици за квалитетот на воздухот не даваат целосни

(Видео) Прилеп нема мерни станици за да го измерат енормно загаденото воздух, велат од СДСМ Прилеп

(Видео) Китановски: Ескалира палењето автомобили во Прилеп, СДСМ бара итна седница на општинскиот Совет


Со автомобил тешко повреди жена во Прилеп и побегнал

Претрес во прилепско Дебреште, пронајден пиштол, приведено едно лице

Татко и син во Прилеп загинаа во пожар во семејната куќа

МАКЕДОНИЈА

Социјалните работници бараат поголема заштита по пукањето кон нивната колешка во Прилеп

Објавено пред 2 часа - 25 март, 2025
Од **Елена Тарчуговска**

Социјалните работници од Прилеп, Неготино и Тетово застанаа зад нивната 36-годишна колешка од Прилеп, која вчера беше застрелана на работното место и повикаа на итни мерки за заштита.

Дознај прв!

Тие бараат нападот врз нив да се третира како напад врз службено лице, да имаат физичко обезбедување, психосоцијална поддршка, подобри услови за работа и

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

МАКЕДОНИЈА

Во добра состојба е првиот пациент кој се врати од лекување во странство по пожарот во Кочани

Објавено пред 3 часа - 25 март, 2025
Од **Елена Тарчуговска**

Првиот од 115-те пациенти кои се лекуваат во странство, по пожарот во дискотеката во Кочани, попладнево се врати во земјава и е во добра состојба.

Дознај прв!

Тој беше донесен од болницата во Белград, Србија и засега останува на опсервација во ГЗУ Клиника за Токсикологија – Скопје.

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...

МАКЕДОНИЈА

В недела меморијален марш за Благојче Илијевски кој почина од цистична фиброза чекајќи „Трикафта"

Објавено пред 3 часа - 25 март, 2025
Од **Е. Т. / Макфакс**

В недела, на 30 март, ќе се одржи второто меморијално пешачење во Битола во спомен на Благојче Илијевски, кој почина во 2023 година, чекајќи државата да го набави лекот „Трикафта".

Дознај прв!

Пешачењето ќе биде со водачи од планинарското друштво од Битола „ПСПК 7ми мај Битола".

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ...



НАЈНОВО

СВЕТ / 1 час
Што се' денес договорија САД, Русија и Украина

МАКЕДОНИЈА / 2 часа
Социјалните работници бараат поголема заштита по пукањето кон нивната колешка во Прилеп

МАКЕДОНИЈА / 3 часа
Во добра состојба е првиот пациент кој се врати од лекување во странство по пожарот во Кочани

МАКЕДОНИЈА / 5 часа
(Видео) Од денес хероите имаат име – Јован Костадинов, велат од неговата гимназија

МАКЕДОНИЈА / 7 часа
Психолози доброволци на терен работат со младите: Беа во шок, потоа имаа лутина, што е нормална емоција, а сега почнува периодот на тага

МАКЕДОНИЈА / 8 часа
Рустеми и неколку други лица под истрага за злоупотреби при јавна набавка во ЈП „Државни патишта"

МАКЕДОНИЈА / 10 часа
Николоски: Направени контроли на над 3100 лиценци, во постапка на одземање се 479 лиценци поради неправилно работење

МАКЕДОНИЈА / 11 часа
Претреси на пет локации во Кочани и во Скопје: одземени дополнителни електронски уреди, извршени распити на лица

МАКЕДОНИЈА / 11 часа
Пациентите со тешко повреди на рехабилитација ќе одат во странство, веќе има понуди од неколку западноевропски држави, вели Таравари

МАКЕДОНИЈА / 11 часа
(Видео) Мицоски го стопира разрешувањето на јавниот обвинителе: Ситуацијата е чувствителна, да им дадеме шанса да сработат

МАКЕДОНИЈА / 11 часа
Чибишев: Јован е во одлична

храбриот млад човек, кој спаси 21 живот во трагедијата во Кочани, конечно се врати дома

МАКЕДОНИЈА / 14 часа
СДСМ: Бараме одговори, дали актуелните командири и начелници од МВР се изземени од истрага?

СВЕТ / 1 ден
(Видео) Огромна дупка се отвори на пат во Сеул: пронајдено телото на мотоциклист, кој падна во неа

ЕВРОПА / 16 часа
(Фото) Зеленски спие под фотографија од Кремљ во пламен

СВЕТ / 16 часа
„Разговорите во Ријад поминаа исклучително добро": се огласи и Зеленски

МАКЕДОНИЈА / 1 ден
„Секој ден може да е следен, сакаме да живееме во безбедна држава": порачаа учесниците на протестниот марш

ТОП / 1 ден
Пукање во Центарот за социјални работи во Прилеп: повреден вработено лице, сторителот уфатен

ТОП / 1 ден
Прегазени двајца малолетници на „Партизанска": возачот на автомобилот уфатен

МАКЕДОНИЈА / 1 ден
Клубови во Македонија имале лиценца, но не исполнувале технички услови, другите работеле на црно – ќе им бидат изречени забрани за работа

Copyright © 2018 - Member of IAB Macedonia